
ОПШТИНА
МАКЕДОНСКИ БРОД
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.
За Твоето место.
За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски

Почитувани сограѓани, драги пријатели,



Пред четири години ја добив вашата доверба заедно да ја менаџираме нашата општина Македонски Брод. Овие четири години се години што беа исполнети со многу предизвици и голем број реализирани проекти.

Од тие причини, денес, повторно застанувам пред вас и тоа не само како кандидат што ја бара Вашата поддршка да продолжам и понатаму да бидам ваш градоначалник, туку и како пријател што го дели секојдневието со сите вас. Знаете добро дека нашето заедничко време во Македонски Брод е исполнето со предизвиците и соништата што заеднички ги споделуваме и е мојот главен мотив да се борам и понатаму за нашата просперитетна иднина.

Изминативе четири години функцијата што ја извршував воопшто не ме промени, ние сме постојано заедно и ги делиме истите радости и грижи бидејќи имаме заедничка цел и се бориме за напредокот на Македонски Брод.

Нашата општина не е само точка на картата на Македонија, Македонски Брод е нашата душа, нашата традиција и нашето подобро утре.

Затоа денес повторно излегувам пред вас со реална програма, која е исполнета со издржани проекти. Истата произлезе од вас и од моето досегашно искуство и со гордост ја споделувам со вас со единствен стремеж да продолжиме со изградбата на модерен Македонски Брод. Ова пред вас не е список на проекти, ова е партнерство со граѓаните, преку кое се обврзувам дека ќе го разубавиме секое маало, ќе го поддржиме секое семејство, ќе создадеме услови за младите и ќе ги поддржиме повозрасните лица и ранливите категории. Но најважно од сè, мојата цел е Македонски Брод да остане отворена, транспарентна, отчетна и видлива општина.

Затоа ќе инвестираме во локалната економија, во зелените проекти и енергетската ефикасност, ќе го поддржиме и ќе го развиваме руралниот туризам, ќе инвестираме во младите, но нема да ги заборавиме и многубројните инфраструктурни проекти што ќе го подобрат животот во нашиот Македонски Брод.

Како кандидат за градоначалник на Општина Македонски Брод јас не ви ветувам невозможни нешта, туку ветувам чесност и искрена работа како и досега, бидејќи јас сум заедно со вас од првиот до последниот ден.

Најдоброто допрва доаѓа!

Ваш,

Жарко Ристески

Кандидат за градоначалник на општина Македонски Брод

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Милена Србиноска Богатиноска - Носител на листа
2. Драганче Матески
3. Магдалена Трпчевска-Ристеска
4. Ивица Алексовски
5. Весна Рувческа
6. Влатко Мојсоски
7. Марија Грујоски
8. Горан Николоски
9. Тања Крстеска
10. Рубинчо Стојкоски
11. Марија Радеска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНАТА

ВМРО-ДПМНЕ како партија на македонскиот народ и на сите граѓани на нашата татковина Македонија, во претстојните четири години, се заложува и застанува зад кредибилни кандидати за градоначалници и издржани програми. Градејќи ги темелите на промените што го носат бранот на враќање на достоинството и пристојните услови за живот на граѓаните се заложуваме за унапредување и развојни проекти што ќе ги подобрат условите за живот и ќе овозможат граѓаните во секоја општина да ги уживаат истите.

Со таа цел, како приоритетни проекти за Општина Македонски Брод се предвидени:

- Изградба на дом за стари и возрасни лица во Македонски Брод.
- Урбанистички проект „Дипломатско село“.
- Македонски Брод – Еко-општина со развиен еколошки и рурален туризам.

# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на продолжување и развој на модерната инфраструктура во Општината Македонски Брод. Безбедната и ефикасна патна инфраструктура е неопходна за економскиот развој на општината, а вложувањето во истата во наредните четири години е од приоритетно значење за граѓаните.

Предлагаме:

- Проект покривање на Градскиот пазар.
- Проект за субвенционирање за реконструкција на постојните фасади на зградите кај банката, старата зграда до банката и останатите четири згради веднаш до поштата.
- Изградба на локални патишта:

    1. Изградба на локален пат од Р1106 до с. Брезница.
    2. Изградба на локален пат од с. Модриште до с. Вир во должина од 5544 м.
    3. Изградба на локален пат од П408 до с. Долно Ботушје.
    4. Проект за изградба на локален пат од П- 408 до с. Бенче - фаза 2.
    5. Проект за изградба на локален пат од П-408 до с. Рамне во должина од 6469 м.
    6. Проект за доизградба на локален пат кој ги поврзува викенд-населбите во селата Здуње и Близанско во должина од 10400 м.
    7. Проект за изградба на локален пат Томино Село – с. Сушица.
    8. Рехабилитација на локален пат „Барбарос" – с. Крапа.
    9. Проект за изградба на пешачка и велосипедска патека од мостот „Алкалоид" до Градските гробишта.
    10. Проект за паркинг-простор во населбата Кале, во близина на Детската градинка и кај зградата „Александрија".
    11. Проект за изградба на линиски улици (с. Девич, с. Локвица, с. Сланско, с. Манастирец и др.).
    12. Проект за изработка на проектна документација за пешачка патека од с. Суводол до Македонски Брод.
    13. Изградба на велосипедска патека од Требински пат до индустриската зона „Алкалоид".
    14. Изградба на пешачка патека до с. Требино.

15. Изградба на комунална инфраструктура во индустриската зона „Алкалоид“.
16. Изградба на пешачка патека од ул. „Партизанска“ до „Сарајот“.
17. Проекти за реконструкција на коловозна површина, со нов асфалтен слој, изградба на тротоари и хоризонтална и вертикална сигнализација („Вук Караџиќ'“ , „Никола Тесла“, „Сава Ковачев“, крак „Даме Груев“, „Илинденска“– крак 2 и 3 , крак „7-ми Септември“, крак „Маршал Тито“ , крак „Поречка“, „Јане Сандански“, „15 Бригада“ и ,,Првомајска“).

- Изработка на урбанистичка документација:

1. Ревизија на генералниот урбанистички план (ГУП) за Македонски Брод.
2. Измена и дополнување на деталниот урбанистички план (ДУП) „Блок – 1“ за Македонски Брод.
3. Измена и дополнување на детален урбанистички план (ДУП) „Блок – 4“ за Македонски Брод.
4. Урбанистички план за с. Самоков (вклопување на постојни објекти и градежни парцели, градски гробишта).
5. Изработка на урбанистички проект вон опфат на ДУП (чл. 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање) на КП 2134, КП 2134, КП 2136, КП 2135, КП 2133, КП 2131, КП 2132 и КП 2148, КО Македонски Брод, со намена за градски гробишта.



# ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

Проектирањето и изградбата на водоводните системи за нас е важен приоритет. Од тие причини предлагаме значајни проекти со кои ќе создадеме долгорочно решавање на потребите на граѓаните на Општина Македонски Брод.

1. Проект за реконструкција на водоводната мрежа од с. Крапа до с. Локвица и с. Вир.
2. Проект за реконструкција на водоводната мрежа во с. Лупште.
3. Проект за изработка на проектна документација за реконструкција на водоводната мрежа во с. Битово.
4. Проект за изработка на проектна документација за реконструкција на водоводната мрежа во с. Самоков.
5. Проект за изградба на фекална канализација со прочистителна станица за с. Девич во должина од 1332 m.
6. Проект за реконструкција на фекалната канализација на улиците „Руѓер Бошковиќ", „Сремски Фронт" и „Ѓорче Петров".
7. Проект за реконструкција на дел од каналот „Песјак" кај црквата и изградба на канал за атмосферска вода на канал на ул. „Крушевска Република".
8. Проект за изработка на проектна документација за реконструкција на пречистителна станица во с. Самоков.
9. Проект за реконструкција на канал за прифаќање атмосферски води во населбата Сувенир во Самоков.
10. Реконструкција на водоводен систем во с. Слатина.
11. Изградба на водоводен систем за с. Могилец.
12. Проект за нов извор за водоводниот систем за с. Требино.
13. Проект за водоводен систем за с. Тополнива и с. Василковци.
14. Проект за поставување на фотонапонски панели на препумпната водоводна станица за с. Требино.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Се залагаме за целосна поддршка на иновациите и претприемништвото. Ќе работиме на подобрувањето и унапредувањето на локалните услови за отпочнување и водење на бизнис. Ќе соработуваме со локалните занаетчии и малите локални фирми со цел да им дадеме поддршка и да ги подобриме условите за нивно функционирање и развој.

Предлагаме:

1. Поддршка на иновации и на претприемништвото (формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи, креирање на бизнис инкубатор во рамките на младинскиот центар).
2. Развивање на женско претприемништво за рурален туризам. Преку организирање на трибини, сѐ со цел да заживее руралниот туризам.
3. Подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП (Преку користење на активните мерки од Владата за поддршка на локалните бизниси со обезбедување на логистичка поддршка).
4. Локална стратегија за промоција на странски инвестиции (Со обезбедување на контакти на локалните фирми со странските инвеститори).
5. Поддршка на занаетчиството и малите локални бизниси (Општината преку активни мерки ќе ги промовира и ќе ги субвенционира локалните занаети и малите локални бизниси).



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Нашата заложба е да овозможиме просторна и логистичка поддршка на младите луѓе во образовниот процес во Општина Македонски Брод. Преку обезбедување на топол оброк за сите ученици, до подобрување на просторните услови во училиштата, преку поддршка на младите и талентирани ученици, нашата цел е да инвестираме во образованието и во младите во нашата општина.

Предлагаме:

1. Проект Здрава храна за секое дете - повторно пуштање во употреба на училишната кујна.
2. Проект Субвенционирање за возачки испит за секој средношколец кој ќе матурира во нашето средно училиште.
3. Проект Доделување на стипендија за студенти кои завршиле во нашето средно училиште и се запишале на факултети од областа на туризмот.
4. Организиран бесплатен превоз за децата во детската градинка.
5. Изработка на проект и реконструкција на простории и пренамена во кабинети по ликовно, музичко образование и мултимедијална сала за презентација на слободните ученички активности.
6. Изградба на стаклена ботаничка градина.
7. Изработка на проект и поставување на термо-изолациона фасада на училиштето.
8. Замена на дотраената дограма (врати и прозорци) во подрачните училишта во с. Самоков и с. Манастирец.
9. Реконструкција на спортската сала во Македонски Брод - Основното училиште и малата сала во објектот на средното училиште.
10. Замена на дотраената ограда на училиштето.
11. Замена на дел од застарениот мебел (училишни клупи и столчиња).
12. Ќе продолжи субвенционирањето за секој ученик запишан во средно училиште и доделување на финансиски награди за секој ученик кој освоил награда на меѓународен или државен натпревар.
13. Реконструкција на подрумските простории во стариот дел на основното училиште.

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Секојдневниот живот на граѓаните е исполнет со неопходноста од примената на информациско-комуникациските технологии. Од тие причини, планираме развој и унапредување на дигиталната инфраструктура и вложување во дигиталните услуги за сите граѓани во Општина Македонски Брод.

Предлагаме:

- Дигитална инфраструктура (Покривање со вајфај-мрежа на урбаниот дел од градот).
- Дигитални услуги и дигитална општина (систем open data, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот).



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Предвидуваме проекти кои инфраструктурно и логистички ќе овозможат услови за спортување на сите граѓани во Општина Македонски Брод. Преку изградбата и реконструкцијата на спортските центри и игралиштата, како и преку поддршката на спортските манифестации активно ќе бидеме вклучени во создавањето на можностите за правилен психофизички развој на сите жители на нашата општина.

Предлагаме:

- Проект за реконструкција на Спортскиот центар „Гимназија“ преку изградба на комплекс со игралишта, зона за фитнес и детски парк.
- Реконструкција на спортското игралиште во горниот дел на Македонски Брод на ул. „Пролетерска“.
- Изградба на мултифункционално игралиште во с. Требино.
- Изградба на детско игралиште во с. Сувидол и с. Самоков.
- Изградба на летна сцена во близина на Градскиот пазар.
- Проект за поддршка на спортските манифестации: Турнир во мал фудбал (Македонски Брод и с. Самоков), турнир во одбојка и др.

# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Заштитата на животната средина е наш приоритет. Концептот на зелена и чиста општина ќе го продлабочиме со развој на енергетската ефикасност со што ќе овозможиме да се создадат услови со кои ќе се унапреди економскиот и општествениот развој.

Предлагаме:

- Проект за реконструкција на средното училиште со енергетски ефикасни материјали и поставување на фотоволтаична централа.
- Проект за реконструкција на ученичкиот дом со енергетски ефикасни материјали и поставување на фотоволтаична централа.
- Проект за реконструкција на детска градинка со енергетски ефикасни материјали.
- Воведување концепт за зелена и чиста општина.
- Поставување контејнери за рециклирање на отпад.
- Субвенции за соларни панели и енергетска ефикасност.
- Реконструкција, реставрација и уредување на речното корито на реката Треска во должина на централното градско подрачје во Македонски Брод.
- Акции за чистење на реки, шуми и диви депонии.
- Проект за набавка на помали камиони за собирање на секаков вид отпад.
- Воспоставување на функционален систем во малите рурални средини кои во моментот претставуваат потенцијални загадувачи на животната средина.
- Проект за расчистување на речното корито на реката Треска.

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Туризмот е значајна гранка за јакнење и развој на локалниот економски развој. Од тие причини се залагаме за поддршка и промоција на локалниот туризам со следните проекти:

- Проект за изградба на сувенирница со урбани содржини и валоризација на пештерата „Пешна".
- Отворање на продавница за сувенири со мотиви од Порече во центарот на градот.
- Проект за пешачки мост и патека до „Девини Кули" со поставување на урбана опрема и видиковци.
- Проект за изградба и уредување на локалитетот „Соленица" на патот за с. Сланско.



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Поддршката на културните настани во Општина Македонски Брод е значаен приоритет во нашата програма. Од тие причини предлагаме:

- Возобновување на детскиот фестивал „Распеано Бротче".
- Проект за дополнителна валоризација и авторизација за културните настани и манифестации (Фестивал на костенот, Велигденски кули, Самоков екстрим, Поречки фармер, Поречки поетски читања и др.).
- Отворање на музеј на Порече.
- Вмрежување и заедничка промоција на поречки производи (мед, сирење, чаеви).
- Изградба на едукативен полигон (Пчеларник) за обука и поттикнување на младите пчелари.
- Издавање зборник со сите пишани извори за историјата на Македонски Брод и Порече.
- Издавање монографија за Македонски Брод.
- Филмски фестивал на домашни и странски филмови.
- Заштита на обичајот „Велигденски кули" под УНЕСКО и изградба на споменик во бронза на „Велигденски кули".
- Интернационално биенале на скулптурата.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Предвидуваме функционален систем за социјална и здравствена заштита за сите граѓани во Општина Македонски Брод. Предлагаме:

- Проект за дневен центар за деца со посебни потреби.
- Проект за изработка на проектна документација за дом за стари лица во Македонски Брод.
- Проект за соработка со Министерството за здравство, иницијатива за обезбедување на дополнителни специјалистички услуги.
- Проект за соработка со Министерството за здравство „Подвижна аптека“ до с. Самоков.

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

- Реконструкција на мост на реката Треска во централното подрачје.
- Реконструкција на регионалниот пат од Стара воденица до Дреноец.
- Изградба на регионалниот патен правец Р 1106, Македонски Брод – Скопје преку Националниот парк „Јасен“.

ВМРО-ДПМНЕ